ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

www.fzo.org.mk

09-3954/2

28-03-2013

ЛЕКАРСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
DOCTORS CHAMBER OF MACEDONIA
СКОПЈЕ

| Примено: 01.04.2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 05 | 2820/1 | | |

**Од**
**Фонд за здравствено осигурување**
**на Македонија**

**До**
**Лекарска Комора на Македонија**
**ул. Партизански одреди бр. 3**
**Скопје**

**Дата: 21.03.2013 година**

**Предмет: Одговор на известување бр. 09-3954/1 од 19.03.2013 година**

**Почитувани,**

Во врска со Вашиот допис бр. 09-3954/1 од 19.03.2013 година со кој давате забелешки на содржината на Анексот на договорот каде се регулира постапката за склучување на нов договор за 2013 година на здравствени установи на кои договорот за 2012 година е раскинат поради повреди на договорните одредби, Ве известуваме:

Согласно член 70 од Законот за здравственото осигурување, за извршување на здравствените услуги Фондот склучува и раскинува договори со здравствените установи.
Со договорот за примарна здравствена заштита е предвидено дека Фондот има право во секое време без отказен рок еднострано да го раскине истиот за таксативно наведени сторени повреди на договорните одредби.

Со стапувањето во сила на новиот Закон за здравствена заштита ( Службен весник на Република Македонија бр. 43/2012 година) и Уредбата за мрежата на здравствени установи ( Службен весник на Република Македонија бр. 81/2012 година) а во врска со член 9 став 2 од Законот за здравствено осигурување која наметнува обврска на Фондот основните здравствени услуги да ги обезбедува на осигурените лица во здравствените установи утврдени со мрежата на здравствени установи, во која се врши здравствената дејност, согласно прописите од областа на здравствената заштита, во праксата се појавија низа отворени прашања од аспект на тоа дали здравствените установи на кои поради непочитување на договорните одредби еднострано им е раскинат договорот со Фондот автоматски излегуваат од мрежата на здравствени установи.

Со цел да им се излезе во пресрет на самите здравствени установи на кои им биле раскинати договорите во 2012 година , а особено во интерес на осигурените лица да им се обезбеди квалитетна,навремена и ефикасна здравствена заштита, Фондот во соработка со Министерството за здравство во изминатиот период интезивно работеше да изнајде решение за нивниот статус во мрежата на здравствените установи.

Во моментот кога Министерството за здравство достави мислење бр. 13-428/2 од 21.02.2013 година до Фондот со насока дека раскинувањето на договорите со здравствените установи од страна на Фондот, согласно член 232 став 1 од Законот за **здравствена заштита, не претставува основ за престанок на договорот за лиценца и дека здравствената установа престанува да биде дел од мрежата на здравствени установи само со престанок на концесијата согласно условите утврдени во Законот**, Фондот пристапи кон изготвување на нови теркови на договори и анекси за примарна здравствена заштита, наведувајќи рокови кога здравствените установи на кои им е еднострано раскинат договорот со Фондот да можат повторно да аплицираат за склучување на нов договор со Фондот, во зависност од тежината на сторената повреда.

Оваа акција на Фондот е со цел здравствените установи од примарна здравствена заштита на кои им е еднострано раскинат договорот со Фондот во 2012 година да можат повторно да склучат договор со Фондот за 2013 година, по претходно доставена понуда за склучување на договор како и заштита на оние здравствени установи кои веќе склучиле анекс за продолжување на договор со Фондот за 2013 година дека во случај ако еднострано им биде раскинат договорот од страна на Фондот, по истекот на предвидениот договорен рок ќе можат повторно да аплицираат за договор со Фондот.

Поради тоа очекуваме од Ваша страна да има позитивни реакции по однос на оваа иницијатива на Фондот за која има потполна подршка од Министерството за здравство, со цел да им се излезе во пресрет на здравствените установи на кои еднострано им е раскинат договорот од страна на Фондот како и на останатите здравствени установи кои имаат активен договор со Фондот.

Фондот е секогаш подготвен да соработува со Вас и по разгледувањето на Вашата забелешка за намалување на должината на роковите за склучување на нов договор, одлучи истите да ги намали така што во членот 32-а предвидениот рок од 6 месеци за склучување на нов договор, ќе се замени со 3 месеци, додека предвидениот рок од 3 месеци ќе се замени со 1 месец.

Со овој Анекс на договор кој е во интерес како на осигурениците на Фондот така и на спорните здравствените установи, всушност Фондот овозможува непречено пружање на здравствени услуги во текот на 2013 година.

Измената на анексите не се однесуваат на здравствените установи од специјалистичко консултативна здравствена заштита затоа што кај истите рокот за повторно склучување на договор со Фондот е определен во членот 70 од Законот за здравствено осигурување според кој е утврдено дека договорите се склучуваат за период од 12 месеци од 1 јануари до 31 декември во тековната година, а доколку има нереализирани средства може да се склучат и за пократок временски период заклучно со 31 декември во наредната година. Сепак истите според ставот на Министерството за здравство по еднострано раскинување на договорот со Фондот автоматски не излегуваат од мрежата на здравствени установи и според тоа оние здравствени установи на кои им е еднострано раскинат договорот во 2012 година со Фондот сега ќе можат да аплицираат за нов договор со Фондот за 2013 година.

2. Воедно Ви укажуваме и Ве потсетуваме дека со преговорите кои Фондот ги водеше со Лекарската комора на Република Македонија поединечно се разработени сите одредбите на Анексите за продолжување на договорите за 2013 година за дејноста од примарна здравствена заштита, гинекологија, специјалистичко-консултативна здравствена заштита и лабораториска дејност, со цел да се изготват анекссиа на договорите кои ќе бидат прифатлив за двете договорни страни.

Фондот во интерес на своите осигуреници за да им обезбеди пружање на поквалитетни здравствени услуги во соработка со Лекарската комора на Македонија формира преговарачки тимови кои поединечно ги разгледаа сите предлози доставени од Вашата комора. Врз основа на тоа се изгради заеднички став со прифаќање на забелешките на содржината на анексите на договорите за општа медицина, гинекологија, специјалистичко- консултативна здравствена заштита и лаборатории за 2013 година.

Фондот со своето транспарентно работење и понатаму останува отворен за соработка, со што Вашите забелешки можете да ги доставите на разгледување кога ќе се изработува содржината на договорите за 2014 година.

Со почит

Изготвил:Јасмина Смилевска
Амела Цана
Согласен: Блаже Којчевски
Одобрил Даниела Јовческа Гуроска
М-р Саша Иванов

**ВД Директор**
**Јован Грповски**

**Директор**
**Џемали Мехази**